ИЗЛОЖБИ



Владимир Величковски

Изложба на делото "Ничија земја" во Музејот на современа уметност, презентирано на 15. Меѓународно биенале на архитектура во Венеција

# Естетското и архитектурата

Во светот се организираат повеќе триенала, биенала и салони на архитектурата кои, покрај охрабрувачкиот момент, значат дека постои силна конкуренција и презаситеност, како и посебна улога на пазарот и економскиот фактор, кој е значаен и кога станува збор за "слободна" креативност.

Темата на минатогодишното Венециско биенале, широко формулирана гласи "Извештај од фронтот", со намера, најверојатно, да ги афирмира секојдневните искуства на архитектурата во локалните средини. Исто така, и конструктивни одговори на современите проблеми на архитектонската струка, како и одредени предлози за нови можности од вклучување на други дисциплини.

Македонија се претстави со делото "Ничија земја" на авторскиот тим на архитектот Стојан Павлески. За свое мото тие ја одбрале опсервацијата на писателот И.Калвино: "Невидливите градови се само еден сон кој се раѓа од срцето на неподносливите градови". Тоа значи дека авторите на овој селектиран труд не воделе сметка за неговата употребна и комерцијална страна туку, пред сѐ, за естетската и хумана вредност на еден можен музејски експонат, со неговите елементи на можна интерактивност.

Делото "Ничија земја", како архитектура има монументални димензии, обликувана конструкција, низ која публиката поминува. Нејзината облост и отворена конструкција со привлечна текстура е во благ контраст со објектите во внатрешноста, обликувани со дизајн и строги форми во просторот меѓу своевидни "архитектони" (Малевич) и геометризам на скулптурални дела во кои се повлекуваат елементите на лична експресија и внатрешна содржина на една скулптура. Светлината е одмерена со строгите форми (кои асоцираат на елементи од светската архитектура и скулптура). Меѓутоа, послободниот распоред внесува момент на извесен немир, а доближената перцепција предизвикува, барем за момент, состојба на пренос (Хаксли).

Станува збор за објективизирање на една апстрактна мисла (Ричард Шиф), за употреба на различни материјали и конструктивно обликувани постапки.

За Ч.С. Пирс материјалот е згасната душа, која во случајов, барем за момент, може да се оживее со ефекти на светлина, кои со придушените тонови го создаваат чувството на затворен простор (можеби на утроба или слично). Асоцијативните моменти се прошируваат на творбите - макети на Јован Шумковски, во кои е реализирана идејата за мртов град на иднината (Скопје итн.) и постмодернистичкиот концепт на Станко Павлески на нафрлан збир модели од негови минималистички и асоцијативни скулптури.

Огледалните површини во внатрешноста го изобличуваат одразениот лик, пружајќи можност за краткотрајна индивидуална интроспекција затоа што, меѓу другото, низ објектот се поминува покрај густиот послободен распоред на геометриски обликуваните галериски објекти. Движењето, канализирано низ тунел - галериски простор, ја сугерира димензијата на време.

Делото не е имагинарен ниту невидлив град, затоа што со волуменот и материјалите зафаќа простор како еден вид градителски излагачки проект. Неговата неутралност или идеална естетска проекција, го поставува делото надвор од суштествените прашања за природата и функцијата на градот, што упатува и на неодреденото, премногу слободно толкување на темата. Каде се специфичните грижи и проблеми на земјата, особено поврзани со уништувањето на Скопје како лошо место за живеење?! Заради поништувањето на вредностите на традицијата и модернизмот (заменет со неодредена квазимодернистичка антиквизација или барок) можеше да се очекува критички став или да се биде субверзивен во рамки на конкретните состојби и сопствено толкување на темата.

Во контекст на маргинализирање на професијата архитект, се развива нечувствителност за вистинските потреби на општеството. Општ впечаток е дека македонското творештво, во време на ентропија на вредности и во областа на архитектурата, е драматично осиромашено и дезориентирано. Овој проект поставува и други прашања (за потрошените средства и начинот на селектирање итн.).



Фото: Б. Грданоски